ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА
ЗАКОН ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА -НЕОФИЦИЈАЛНА ВЕРЗИЈА[1]

Член 1

Со овој закон и Царинската тарифа која е негов составен дел, се пропишуваат:

1. Правилата за начинот на пресметка на царината;
2. Системот на имиња на стоката која се увезува, внесува или прима во царинското подрачје на Република Македонија, односно извезува, изнесува или испраќа од царинското подрачје на Република Македонија распореден по оддели и глави на Царинската тарифа;
3. Системот на нумеричко означување на стоката (тарифни броеви и тарифни ознаки) во Царинската тарифа;
4. Правилата за распоредување на стоката во тарифни броеви и тарифни подброеви, како и тарифни ставови на Царинската тарифа;
5. Царинските давачки кои се применуваат и
6. Задолжителните единечни мерки за сите тарифни ознаки, во зависност од видот на стоката што се извезува, односно увезува.
7. Интегрираната царинска тарифа, која ги исполнува барањата на Царинската тарифа, статистиката на надворешната трговија, трговските, земјоделските или други политики на Република Македонија во однос на увозот или извозот на стоки.

Член 1-а

Царинската тарифа на Република Македонија ги опфаќа:

(а) номенклатурата на Хармонизираниот систем;
(б) расчленувањето на Комбинираната номенклатура на Европската унија;
(в) расчленувањата на ниво на Република Македонија, наведени како тарифни ознаки, неопходни за имплементација на специфичните мерки на Република Македонија;
(г) воведни забелешки, дополнителни забелешки кон оддели или глави и фусноти на тарифните ознаки;
(д) царински давачки и задолжителни единични мерки за сите тарифни ознаки.

Секоја тарифна ознака на Царинската тарифа се состои од десет цифри, од кои:

(а) првите шест цифри одговараат на тарифниот број и подброј на номенклатурата на Хармонизираниот систем;

[1] 1 Пречистениот текст на законот е изготвен врз основа на текстот на Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 35/10, 11/12, и 93/13), Закон за изменување и дополнување на законот за Царинска тарифа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/2015, Закон за изменување и дополнување на законот за Царинска тарифа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 81/15 и Закон за изменување и дополнување на законот за Царинска тарифа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 192/15. Пречистениот текст нема правна сила и истиот се однесува на нормативниот дел од Законот. За правни цели во царинската постапка, единствено валидни се текстовите кои што се објавени во претходно наведените Службени весници на Република Македонија.

(б) седмата и осмата цифра одговараат на подбројот на Комбинираната номенклатура;
(в) деветтата и десеттата цифра одговараат на расчленувањето на ниво на Република Македонија. Во отсуство на дополнително расчленување на ниво на Република Македонија деветтата и десеттата цифра на тарифната ознака се означува со „00".

Член 1-б

Интегрираната царинска тарифа ги содржи:

(а) Царинската тарифа;
(б) дополнителни ознаки кои се применуваат за одредени специфични мерки на Република Македонија кои не се опфатени со деветтата и десеттата цифра;
(в) сите информации неопходни за имплементирање или управувањето со тарифните ознаки и дополнителните ознаки;
(г) други увозни и извозни давачки, преференцијални тарифни мерки, автономни мерки, стапките на данокот на додадена вредност и акциза, и други тарифни и нетарифни мерки при увоз и извоз на стока.

Член 2

Царинските давачки кои се определени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон, се применуваат за стоката со потекло од земјите членки на Светската трговска организација, земјите со кои Република Македонија има склучено договори во кои е содржана клаузулата за најповластена нација или со земјите кои оваа клаузула ја применуваат на стоката со потекло од Република Македонија.

За стоката со потекло од земјите со кои Република Македонија има склучено договори за преференцијални трговски режими, се применуваат царинските давачки кои се определени со тие договори. За стоките за кои Владата на Република Македонија пропишала автономни мерки за намалување или укинување на царинската давачка, истите се прикажуваат во Царинската тарифа со фуснота со која се повикува на донесената одлука за автономни мерки.

За стоката со потекло од земјите кои не се наведени во ставовите 1 и 2 на овој член, се применуваат царинските давачки кои се за 70% повисоки од царинските давачки определени со овој закон, а за стоката за која е определена царинска давачка "слободно"("сл") се применува царинската давачка од 30%. Владата на Република Македонија ги определува земјите на кои се применуваат одредбите од овој став.

Член 3

Царината се пресметува со примена на царинската давачка која е определена во колоната број 3 од Царинската тарифа, на царинската вредност на стоката.

По исклучок, на стоката за која во колоната број 3 на Царинската тарифа е определен и износ на царинска давачка по единечна мерка, на пресметаната царина од став 1 на овој член се додава и износот на царината по единечна мерка пресметана врз основа на количината на стоката која се увезува.

Вкупниот износ на царината пресметан со примена на ставовите 1 и 2 на овој член не смее да го надминува износот на царината пресметан на царинската вредност на стоката со примената на стапката “max.” означена во колоната број 3 на Царинската тарифа.

Ако вкупно пресметаниот износ на царината од ставовите 1 и 2 на овој член е поголем од највисоко дозволениот износ на царина од став 3 на овој член, ќе се наплати највисоко дозволениот износ на царина.

Ако вкупно пресметаниот износ на царината од ставовите 1 и 2 на овој член е помал од највисоко дозволениот износ на царина, ќе се наплати износот на царината од ставовите 1 и 2 на овој член.

Пресметувањето на еврото во домашна валута, за определување на износот на царина кога царинската давачка е изразена по единечна мерка, ќе се врши според курсот утврден на денот на настанување на царинскиот долг, во согласност со прописите за девизното работење.

Член 3-а

Царинска давачка со единствена царинска стапка од 15% од царинската вредност на стоката се применува за стока:
1) која е во пратка испратена од едно на друго физичко лице или
2) која е во личниот багаж на патникот, под услов стоката да не е од комерцијална природа и вредноста на таа стока да не надминува 800 евра во денарска противвредност.

Одредбите од став 1 на овој член не се применуваат за стока за која во Царинската тарифа во колоната на царински давачки е пропишана царинска давачка „слободно” („сл”) и стока која согласно со Царинскиот закон е ослободена од плаќање на увозни давачки, како и за тутун, преработки од тутун, алкохол, алкохолни пијалоци и погонско гориво.

Увезената стока се смета дека не е од комерцијална природа, ако:
(1) се работи за пратка на стока од едно физичко лице на друго физичко лице, а таквата пратка:
- не е наменета за препродажба или вршење на друга доходовна дејност,
- содржи само стока исклучиво за лична употреба на примачот или на членовите на неговото семејство кои живеат со примачот во заедничко домаќинство, а според природата и количината не е за комерцијални цели и
- е испратена бесплатно;

(2) се работи за стока која што е во личниот багаж на патникот и:
- не е наменета за препродажба или вршење на друга доходовна дејност, и
- е наменета исклучиво за лична употреба на патникот и членовите на неговото семејство кои живеат во заедничко домаќинство, или за подароци, доколку нејзината природа и количина не е за комерцијални цели.

Единствената царинска стапка од став 1 на овој член нема да се применува за увезена стока под услов утврден во ставот 1 од овој член, кога патникот или примачот на пратката побара стоката да се царини со увозната давачка пропишана со Царинската

тарифа.
Кога патникот или примачот на пратката бара стоката да се оцарини согласно увозните давачки утврдени со Царинската тарифа, пропишаните царински стапки, специфични давачки и давачки со еквивалентен ефект се применуваат за целата стока, односно за целата пратка.

Член 4 (бришан)

Член 5

За усогласување и менување на Царинската тарифа согласно со измените на Комбинираната номенклатура донесени од страна на Европската комисија, а кои се однесуваат на системот на имиња на стоката, системот на нумеричко означување, единичните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави, Владата на Република Македонија донесува одлука најдоцна до крајот на ноември во тековната година, која ќе се применува од 1-ви јануари следната година.

Одлуката од став 1 на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија го пропишува Владата на Република Македонија.

Прописите од став 3 на овој член Владата на Република Македонија ги донесува во рок од три месеци од денот на објавувањето на регулативите на Европската комисија во „Службен весник на Европската унија".

Царинската управа ќе врши :
- интегрирање на сите тарифни и нетарифни мерки,
- определување на дополнителните ознаки на интегрираната царинска тарифа,
- ажурирање на интегрираната царинска тарифа, веднаш и
- објавување на интегрираната царинска тарифа во електронска форма со користење на компјутеризиран систем, кога тоа е возможно.

5-а

Интегрираната царинска тарифа ќе се користи од страна на Царинска управа за примена на мерките што се однесуваат за увоз во и извоз од Република Македонија.

Член 6 (бришан)

Член 7

За несоставени производи или за производи во расглобена состојба чии делови се увезуваат сукцесивно, преку една или повеќе царинарници може, на барање на декларантот, да се распоредат во тарифната ознака за составениот производ, со примена на стапка на царина за составениот финален производ.

Член 8

Со денот на влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за Царинската тарифа ("Службен весник Република Македонија" број 38/96, 45/97, 61/97, 26/98, 15/01, 16/01, 104/01, 21/02, 90/02, 39/05 и 4/08).

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија”.